M04/167/S(1)

# MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1
# MACÉDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1
# MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1

Monday 10 May 2004 (afternoon)
Lundi 10 mai 2004 (après-midi)
Lunes 10 de mayo de 2004 (tarde)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only. It is not compulsory for you to respond directly to the guiding questions provided. However, you may use them if you wish.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- Ne pas ouvrir cette épreuve avant d'y être autorisé.
- Rédiger un commentaire sur un seul des passages. Le commentaire ne doit pas nécessairement répondre aux questions d'orientation fournies. Vous pouvez toutefois les utiliser si vous le désirez.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento. No es obligatorio responder directamente a las preguntas que se ofrecen a modo de guía. Sin embargo, puede usarlas si lo desea.

Коментирајте ЕДЕН од следниве (песните или прозата):

1(a) “Псалм 22”

Низ мојата чешма
Твоја вода тече,
Над моето небо
Твој гулаб лета,
Низ моите дрвја
Твој ветер игра,
Од мојот облак
Твој дожд роси,
Во мојата градина
Твоја птица пее.

“Псалм 28”

Сполај Ти за Убавото:
Убавото што го кажувам
Убавото што го пеам,
Убавото што го немеам,
Убавото што ме сонува,
Убавото што ме прогонува,
Убавото што го гледам,
Убавото што го следам,
Убавото што го боледувам,
Убавото: Страдањето
Најубавото: Вознесувањето.

од Михаил Ренджов, Псалми, 2000

Дискутирајте го стилот на песната.

Коментирајте го значењето на фразата: “Сполај Ти за Убавото...”.

Коментирајте го значењето на насловот- “Псалми”.

1(b) **Извадок од "Аванос":**

На излезот од грнчарницата ја удри некој топол воздушен бран што ѝ помина по коските како земјотрес. За малку да ја кутне, да ја онесвести. Кога се созеде, ја виде и Сија Хаџибанова. Седеше на еден камен, собрана и премалена. Вилицата и се тресеше, усните ѝ треперea и нешто нејасно ме молеа.

- Што ти е, праша Ѓувезија Дубровска.

- Ми е страв, рече Сија Хаџибанова.

Ѓувезија Дубровска ја фати за рака и се обиде да ја исправи. Но во дланката осети пот и влага, како да држеше студена кал и тиња.

- Што ти е, повтори Ѓувезија Дубровска, целата си жива вода.

- Ми е страв, повтори и Сија Хаџибанова. И од тебе ми е страв, повторуваше целата избезумена. Како часовник ѝ чукаше целото тело.

- Смири се, рече Ѓувезија Дубровска, стравот е само несвесно чувство.

- Што ти направи грнчарот, праша Сија Хаџибанова.

- Ништо, рече Ѓувезија, ми пресече малку коса.

- Можеби затоа ми е страв, рече Сија Хаџибанова.

- Но мене ми пресече, рече Ѓувезија Дубровска.

- Затоа ми е страв и од тебе, рече Сија Хаџибанова.

- Ама, започна Ѓувезија Дубровска, но реченицата не ја доврши. Всушност, не сакаше да го чуе одговорот. Стравот што го покажуваше Сија Хаџибанова почна полека да ја префаќа и Ѓувезија Дубровска. Ѝ се заденуваше како сипаница, како коњска мува. Наеднаш се почувствува излажана и ограбена. Иако беше свесна дека косите се стрижат и се бричат, таа сето тоа сега го разбра како одземање на еден дел од нејзината глава. И почна едно по друго да се пофаќа по главата и да си ја бара таа лузна што ѝ ја направи грнчарот.

извадок од расказот од Петре М. Андреевски, од Тајна одаја, 2000.

**Коментирајте го начинот на кој авторот ја претставува тензијата.**

**Опишете ја вознемиреноста на ликовите поради некој настан.**

**Коментирајте го раскажувачкиот стил на извадокот.**

**Кажете ја вашата лична реакција кон расказот.**

---